Уп. бр.08-150

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана (PETROL, Slovenska energetska druzba, d.d. Ljubljana) со седиште на Дунајска цеста 50, 1000 Љубљана, Словенија, поднесено преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 08.11.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана (PETROL, Slovenska energetska druzba, d.d. Ljubljana), со седиште на Дунајска цеста 50, 1000 Љубљана, Словенија стекнува индиректна контрола над средства на ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство (ENERGOSPEKTAR d.o.o. za trgovinu, usluge I proizvodnju), со седиште на ул. Матија Дивковиќ бр. 71, Загреб (Град Загреб), Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 13.10.2023 година а дополнето на 18.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана (PETROL, Slovenska energetska druzba, d.d. Ljubljana), со седиште на Дунајска цеста 50, 1000 Љубљана, Словенија, со која ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија

стекнува индиректна контрола над средства на ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство (ENERGOSPEKTAR d.o.o. za trgovinu, usluge I proizvodnju), со седиште на ул. Матија Дивковиќ бр. 71, Загреб (Град Загреб), Хрватска.

Трансакцијата предвидува стекнување на индиректна контрола врз возилата-цистерни како стекнат дел од претпријатието од страна на ПЕТРОЛ, Словеенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија. Возилата-цистерни кои се предмет на купување од страна на превозниците претходно биле користени од ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство за давање услуги на ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија (или неговите подружници - Петрол ХР), поради што цистерните се означени и со етикетите на ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија (или на неговите подружници). Бидејќи ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија претрпе одредени организациски промени, истиот предложи ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство да преговара со други купувачи за продажба на возилата-цистерни, а ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија беше подготвен да преговара со купувачите и да склучи посебни договори - Транспортни договори за користење на транспортните услуги обезбедени од цистерни кои се предмет на продажба, под де факто ексклузивен аранжман, бидејќи возилата-цистерни ќе ги носат ознаките/етикетите на ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија (или неговите подружници).

ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија на тој начин ќе стекне индиректна контрола врз возилата-цистерни, врз основа на договорите за превоз склучени со превозниците. Превозниците ќе управуваат со цистерните исклучиво за Петрол Групата и Петрол ХР соодветно.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија е енергетско акционерско друштво основано и регистрирано во Република Словенија и претставува матична компанија на групацијата ПЕТРОЛ.

Основните активности на Групацијата Петрол ги опфаќаат сегментите на гориво и нафтени деривати, стоки и услуги и енергија и решенија.

Главните активности на матичната компанија се трговија со нафтени деривати, друга стока, електрична енергија, снабдување и продажба на гас и топлинска енергија и продажба на услуги.

ПЕТРОЛ, Словенечко енергетско друштво, а.д. Љубљана, Словенија поседува повеќе компании во Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна

Македонија, Австрија, Романија преку кои врши дејност продажба на нафта и нафтени деривати, гас, дистрибуција на нафта и гас, трговија со разни стоки во рамките на нејзината мрежа на бензински пумпи, трговија со електрична енергија.

Подносителот има едно поврзано друштво регистрирано во Северна Македонија, имено Друштво за трговија со електрична енергија ПЕТРОЛ-ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Свети Кирил и Методиј бр. 20, Скопје. Главната дејност на друштвото е трговија со електрична енергија и поседува лиценца издадена од регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија. ПЕТРОЛ-ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје е во 100% сопственост на Подносителот на Известувањето. Друштвото е активно во трговијата со електрична енергија, но не и со продажба на електрична енергија на крајните корисници. Имено, истото ги обезбедува своите услуги преку размена на електрична енергија на пазарот.

ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство Загреб, Хрватска е хрватско друштво кое е примарно активно во транспортот на стоки во патниот сообраќај, но врши и други услуги како што се инвестиции во домување и обновливи извори на енергија. ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство Загреб, Хрватска односно нема поврзани друштва со седиште надвор од Хрватска и истото, односно стекнатиот дел од него, не остварило никаков приход во Република Северна Македонија во 2022 година.

Стекнатиот дел од ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство Загреб, Хрватска се состои од 53 големи цистерни, вклучувајќи приколки со цистерни и 19 мали цистерни, што претставува вкупно 72 возила. Од вкупниот број на средства, 26 моментално се во сопственост на ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство Загреб, Хрватска, додека другите средства се во сопственост на стекнатиот дел од претпријатието според договори за закуп со право на користење, кои ќе ги склучат поединечните превозници наместо ЕНЕРГОСПЕКТАР д.о.о. за трговија, услуги и производство Загреб, Хрватска.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**